Архивски број: 08-399/6
19-07-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-399/1 од 12.6.2023 година поднесена од од Охрид против ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид, за извршена дискриминација врз основа на социјално потекло и имотна состојба во областа на здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 18.7.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на социјално потекло и имотна состојба во областа на здравствена заштита сторена од страна на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид врз

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под бр. 08-399/1 од 12.6.2023 година од за сторена дискриминација врз основа на социјално потекло и имотна состојба во областа на здравствена заштита од страна на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид.

Согласно наводите од претставката, подносителот на 1.6.2023 година имал операција на колено во болницата „Св. Еразмо" во Охрид. После операцијата, бил задржан во болница уште осум дена. Осмиот ден после операцијата, докторот кој го оперирал - д-р. , му кажал дека ќе биде отпуштен од болничка нега и пуштен на домашно лекување. Веднаш потоа подносителот прашал зошто ќе биде отпуштен после само осум дена, кога пациентите со иста операција лежат по два месеци во болница. На ова докторот му одговорил дека е доволно и дека може да гази на ногата. Меѓутоа, подносителот тврди дека не само што не може да гази на ногата, туку уште има и лонгета и користи патерици за одење. За време на болничкиот престој, вели дека не добил никаква терапија освен инфузија, додека пак другите пациенти во неговата соба добивале апчиња за болки, а тој не, иако имал побарано. Дополнително на ова, наведува дека не само што не видел пациент кој бил отпуштен по само осум дена од операција на колено, туку во текот на престојот сретнал и двајца пациенти кои имале отпусни листи, а им биле дадени дополнителни пет дена болничко лекување. Заради сето наведено, подносителот на претставката смета дека бил дискриминиран поради неговата финансиска и имотна состојба, во споредба со другите пациенти во болницата кои правеле операција на колено.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека тврдењето за дискриминација е сторено веројатно, по што согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 13.6.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид.

На ден 23.6.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид како одговор на претставката.

Во одговорот се наведува дека пациентот ; бил примен на лекување во болницата на ден дина поради повреда на левото колено настаната како последица на пад од велосипед во алкохолизирана состојба, додека пак испишан бил на ден одина. Кај пациентот била поставена следната дијагноза- Fractura multifragmentaris patellae lat.sin. На ден година била извршена хируршка операција- Ostheosynthesis patelle lat sin cum Zuggurtung. Наведуваат дека оперативниот и постоперативниот тек биле уредни.

Во однос на терапијата, наведуваат дека на пациентот за време на болничкото лекување редовно му е давана соодветна терапија и совети според медицински протоколи предвидени за таквата повреда и за извршената оперативна интервенција, вклучувајќи го и периодот на болничкото лекување после споменатата интервенција.

Заклучно, од болницата велат:
„Имајќи го предвид гореспоменатото, како и фактот дека пациентот не е компетентен и стручен да го определи или споредува времетраењето на неговото болничко лекување со другите пациенти, како што е наведено во претставката, предлагаме поднесената претставка упатена од страна на пациентот кон ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид да ја сметате за неоснована, а содржината изнесена во претставката како непоткрепена со факти според медицински протоколи."

На ден 26.6.2023 година, Комисијата испрати Барање за дополнителни информации до ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид, со кое беше побарано од болницата да достават докази, односно да го поткрепат одговорот со соодветна документација со цел да се докаже еднаквото постапување кон пациентите.

Одговор на Барањето за дополнителни информации пристигна на 7.7.2023 година. Во него, од болницата известуваат дека периодот на лекување кај пациенти со иста дијагноза не може прецизно да се определи, односно се определува во текот на лекувањето зависно од општата и локалната состојба на пациентот, како и други здравствени фактори кои се јавуваат во текот на лекувањето, констатирани преку специјалистички прегледи по претходно спроведени медицински методи на испитувања и дијагностика.

Во прилог на одговорот беа доставени заверени копии од следните документи:

- Отпусно писмо бр. во кое е наведена дијагнозата, периодот на лекувањето на пациентот, односно датум на прием и датум на испис, каков оперативен зафат е извршен и на кој датум е опериран. како и упатство за понатамошно лекување;
- Анамнеза и статус бр која се наведени општи податоци при приемот, локален статус, минати заболувања, како и податоци за алергиски реакции;
- Историја на болест бр аде се наведени прегледите на пациентот, и тоа: ортопедски, биохемиски, анестезиолошко-реаниматорски и физијатриски преглед;
- Картон за физикална терапија и рехабилитација каде е наведен видот на терапијата; и
- Температурна листа со листа на дадена терапија по датум и време.

Од наводите на претставката, одговорот на истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не била сторена дискриминација.

Првенствено, видно од Температурната листа на подносителот на претставката, на пациентот му била давана терапија секојдневно, и тоа од првиот ден после операцијата одина), сè до денот пред неговиот испис од болницата одина). Истото е евидентирано по часови и

денови, со потпис на лицето кое ја дало терапијата. Дополнително, на одина бил издаден и Картон за физикална терапија и рехабилитација, во кој е наведен видот на терапијата потребна за неговата состојба. Последно, видно од Отпусното писмо, пациентот добил упатство за натамошно лекување, во кое меѓудругото е наведено дека вадењето на конци треба да биде на дина, а контрола му се закажува после еден месец во понеделник.

Притоа, беше земен предвид фактот дека Комисијата не може да навлезе во стручно преиспитување на пружената здравствена услуга. Наместо тоа, она што е предмет на работа на Комисијата во конкретниот случај е утврдувањето дали заштитната карактеристика на подносителот, во случајов неговото социјално потекло и имотна состојба, довеле до тоа тој да биде третиран понеповолно во однос на останатите пациенти. Од приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не пронајде факти кои укажуваат на тоа дека болницата не обрнала должно внимание при болничкото лекување на пациентот, односно дека постоел понеповолен третман кон него, во споредба со други пациенти. Дотолку повеќе, не беа пронајдени околности кои упатуваат на тоа дека неговото социјално потекло и имотна состојба биле релевантни за болничкиот персонал при неговото лекување.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите"*.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на социјално потекло и имотна состојба во областа на здравствена заштита сторена од страна на ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид врз

Скопје
19.7.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

-
- ЈЗУ Специјализирана болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо"- Охрид, ул. Гоце Делчев бб, 6000 Охрид